ПРЕМИН

# ЕДЕН ЕПИСКОП ВО ЕДЕН ГРАД

ЈОВАН МАЕНДОРФ

Ниедна канонска одредба никогаш не била потврдена од Преданието на Црквата со повеќе одобрувања отколку правилото коешто забранува постоење на одвоени црковни уредувања во едно место. Стриктно територијалниот карактер на организацијата на Црквата им се чинел практично очигледен на Отците на Црквата на сите собори, и тој е дел од сите канони коишто се занимаваат со црковното уредување. Ќе се обидеме да дадеме кратка анализа на ова канонско законодавство на Црквата, и дефиниција на неговото теолошко и духовно значење.

## КАНОНИ



Православната Црква ја нема, барем не сѐ уште, снабдено својата вера со целосен систем на канонско законодавство. Постои сомневање дека тоа воопшто некогаш ќе биде направено. Полнотата на Божествената вистина и живот навистина пребиваат во Црквата, и ниеден закон ниту јуридички систем никогаш не ќе биде во целост адекватен за оваа жива и органска стварност што вистинските христијани ја познаваат само низ искуството. Тогаш кое е правото значење на нашите канони? Штом се запознаеме со нивниот текст, откриваме дека тие обично се посматраат во однос на некоја специфична ситуација и искривување на црковниот живот што се случил во минатото. За целосно да ги разбереме, неопходно е да се запознаеме со посебните историски околности под коишто се објавени. Тие се појавиле како еден вид медицина применувана од страна на Соборите и Отците на Црквата за лечење на специфичните болести на црковниот организам. Ова лечење е производ на вечната и непроменлива природа на Црквата. Канонитe нѐ упатуваат како на променливата стварност на човечката природа да ја примениме оваа непроменлива и радосна стварност на изобилната благодат Божја во Црквата. Свеста што не ги почитува канонитe на Црквата на крајот води во корупција на црковниот живот, односно до еклисиолошка ерес.

**БИДЕЈЌИ АЛЕКСАНДРИСКАТА ЦРКВА ВО ТОА ВРЕМЕ ПОКАЖУВАШЕ ТЕНДЕНЦИЈА ДА СЕ МЕША И ДА ВРШИ ОБРЕДИ ВО ОБЛАСТИ КОИШТО НЕ ПРИПАЃАА ПОД НЕЈЗИНА ЈУРИСДИКЦИЈА ОСОБЕНО ВО ЦАРИГРАД, ВО ВТОРИОТ КАНОН СОБОРОТ ВОСТАНОВИ ДЕКА „ЕПИСКОПИТЕ НЕ МОЖАТ ДА ОДАТ НАДВОР ОД СВОЈАТА ЕПАРХИЈА ВО ЦРКВИ КОИШТО СЕ НАДВОР ОД НЕЈЗИНИТЕ ГРАНИЦИ, ЗА ДА НЕ ВНЕСУВААТ ЗБРКА ВО ЦРКВИТЕ...“**

# ЈОВАН МАЈЕНДОРФ ЕДЕН ЕПИСКОП ВО ЕДЕН ГРАД

ПОЛНОТАТА НА БОЖЕСТВЕНАТА ВИСТИНА И ЖИВОТ НА ВИСТИНА ПРЕБИВААТ ВО ЦРКВАТА, И НИЕДЕН ЗАКОН НИТУ ЈУРИДИЧКИ СИСТЕМ НИКОГАШ НЕМА ДА БИДЕ ВО ЦЕЛОСТ АДЕКВАТЕН ЗА ОВАА ЖИВА И ОРГАНСКА СТВАРНОСТ ШТО ВИСТИНСКИТЕ ХРИСТИЈАНИ ЈА ПОЗНАВААТ САМО ПРЕКУ ОПИТОТ.



Првиот Вселенски Собор, свикан од царот Константин 325 г. во Никеја, се занимаваше со доктринарното прашање на ариевската ерес. Исто така обрна внимание на тешките борби што ги разделија христијаните во времето на прогонствата. Меѓу тие поделби беше и Новацијановиот раскол, секта која што одбиваше да им прости на христијаните што ја издадоа верата во времето на прогонот, а вториот брак од оваа секта беше целосно забранет. По мирот којшто од Константин ѝ беше даден на Црквата, многу од Новацијаните сакаа да се вратат во заедницата на Црквата. Осмиот никејски канон го дефинира начинот на којшто тие треба да бидат примени во заедницата. Епископското достоинство морало да им се даде на нивните епископи, но само во оние места каде што не постоеше православна хиерархија. "А таму каде што веќе постои Епископ на Соборната Црква, очигледно, бидејќи Епископот на Црквата ќе го задржи достоинството на Епископ, оној кој себеси се нарекува епископ, ќе има чест на презвитер... бидејќи не може да има двајца епископи во еден град ". Би било полесно да се разреши новацијанскиот проблем со давање почесни титули на расколничките епископи или со нивно преместување на некои непополнети епископски катедри или задржувајќи ги да бидат глави на своите Цркви, воспоставувајќи така две паралени, меѓусебно препознавани „јурисдикции" во едно место. Но, Соборот реши поинаку и свечено го објави начелото за територијалната заедница на Црквата.

# Јован Мајендорф: Еден епископ во еден град

Во малку поинаков историски контекст Вториот Вселенски Собор, Цариград 381 г., го исформулира истото начело на ниво на помесни црковни уредувања. Бидејќи Александриската Црква во тоа време покажуваше тенденција да се меша и да врши обреди во области коишто не припаѓаа под нејзина јурисдикција особено во Цариград, во вториот канон Соборот востанови дека „епископите не можат да одат надвор од својата епархија во Цркви коишто се надвор од нејзините граници, за да не внесуваат збрка во Црквите... И не е дозволено епископите да одат надвор од своите епархии заради служење или каква било црковна работа, ако не се повикани". Третиот Вселенски Собор исто така укажува во врска со Црквата на Кипар „никој од богољубивите епископи да не превземе на себеси надгледување на која било област што од самиот почеток не била под негова рака, или на некој од неговите претходници“ (канон 8). На крајот, истото начело го наоѓаме и во 20. канон на Петтошестиот Собор „Не е според законот ако Епископот јавно поучува во некој град што не му припаѓа. Ако се открие дека така прави, да се одлачи од епископството “.

Еден епископ во секоја локална заедница, еден синод или собор во секоја провинција, тоа е апсолутното правило востановено од Отците... Авторитетот и важноста на одделни Цркви ги раководеше да ја испробуваат својата моќ во области што беа поголеми од нивната територија и со тоа „да внесуваат збрка меѓу Црквите“. Веќе видовме дека Вториот Вселенски Собор се занимаваше со александриските претензии од овој вид. Епископите на Северна Африка, собрани во Картагена 419 г. се спротивставија на интервенциите на Рим и му напишаа на папата Целестин дека „сите прашања треба да се решаваат во местата во коишто настанале“ и дека Отците „не мислеле дека благодатта на Светиот Дух недостасува во која било област. Ниеден епископ, патријарх или папа не може да се постави себеси над соборот на епископите на одредената област, освен доколку не замислиме дека Бог може да вдахнови со правда само една личност, а да одбие да ја дарува на полнотата на епископското собрание“.



**БИДЕЈЌИ АЛЕКСАНДРИСКАТА ЦРКВА ВО ТОА ВРЕМЕ ПОКАЖУВАШЕ ТЕНДЕНЦИЈА ДА СЕ МЕША И ДА ВРШИ ОБРЕДИ ВО ОБЛАСТИ КОИШТО НЕ ПРИПАЃАА ПОД НЕЈЗИНА ЈУРИСДИКЦИЈА, ОСОБЕНО ВО ЦАРИГРАД, ВО ВТОРИОТ КАНОН СОБОРОТ ВОСТАНОВИ ДЕКА ЕПИСКОПИТЕ НЕ МОЖАТ ДА ОДАТ НАДВОР ОД СВОЈАТА ЕПАРХИЈА, ВО ЦРКВИ КОИШТО СЕ НАДВОР ОД НЕЈЗИНИТЕ ГРАНИЦИ, ЗА ДА НЕ ВНЕСУВААТ ЗБРКА ВО ЦРКВИТЕ...**

Црковните проблеми на една област не можат да бидат решени оддалеку „од онаа страна на морето“, како што рекоа африканските Отци, бидејќи единствената цел на христијаните е да го објавуваат и воспоставуваат Царството Божјо во секое место, а не да им служат на интересите или амбициите на која било посебна Црква или личност. Истото територијално начело беше објавено 692 г. на Трулскиот Собор, во случај многу сличен на нашата моментална ситуација: кипарска имиграција во Мала Азија. Војните помеѓу Арапите и Византијците предизвикаа поместување на населението кон граничите области, и едно од овие поместувања во 691 г. вклучуваше и голем број Кипарци коишто од страна на царот Јустинијан II беа преселени во областа Хелеспонт, близу Мраморното Море.

Црковно, оваа област во Кизик имаше свој митрополит чијшто избор беше потврден од Цариградскиот патријарх. Кипарските епископи што ја следеа својата паства требало да ѝ се потчинат на оваа локална јурисдикција.

Меѓутоа, Архиепископот на Кипар беше поглавар на автокефалната Црква. Големиот Собор 692 г. одлучи да ги заштити неговите претходни права во новата јурисдикциска област. Единствен начин да го направи тоа без нарушување на територијалната заедница на Црквата беше да го потчини Кизичкиот митрополит на некогашниот Архиепископ, и исто така да му ги пренесе првобитните права на Цариград над областа Хелеспонт.

Според тоа, сосема е очигледно дека автокефалниот статус на Кипарската Црква не ѝ го даде правото да воспоставува своја сопствена црковна администрација во местата коишто веќе имаа локално црковно уредување. Соборот не ги одобри паралелните црковни јурисдикции во Хелеспонт, и со тоа ја зачува територијалната заедница.

# Јован Мајендорф: Еден епископ во еден град

> ЕДЕН ЕПИСКОП ВО СЕКОЈА ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА, ЕДЕН СИНОД ИЛИ СОБОР ВО СЕКОЈА ПРОВИНЦИЈА, ТОА Е АПСОЛУТНОТО ПРАВИЛО ВОСТАНОВЕНО ОД ОТЦИТЕ...

Тој мошне радикално, го реши прашањето на претседателствување на штета на постоечките авторитети, Цариград и Кизик, но не ја подели Црквата. Образецот на црковното уредување останува ист: една Црква, еден епископ, една заедница, во секое посебно место. Канoните на Црквата секогаш го штителе овој едноставен принцип од нападите коишто сакале да создадат повеќе одвоени црковни администрации во исто место или земја и исто така од намерите на некои големи и важни Цркви, (Рим, Александрија, Антиохија) да ги лишат локалните епископи од нивните права и да ја потврдат својата сопствена моќ врз правата на помесните синоди.





> ...НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗАБОРАВИ ДЕКА ДОБРОТО НА ЦРКВАТА, КОЕШТО МОЖЕ ДА ЈА ОПРАВДА ПРИВРЕМЕНАТА ПОДЕЛБА, ИСТО ТАКА БАРА ЗАЕДНИЦА. ПОСЛЕДНИОТ И НАЈГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК ЗА НАС ПОЧНУВА КОГА ОВА ДОБРО НА ЦРКВАТА ЌЕ СЕ СТАВИ НАСПРОТИ ИНТЕРЕСИТЕ НА НАШИТЕ НАЦИОНАЛНИ ГРУПИ.

КАНОНИТЕ НА ЦРКВАТА СЕКОГАШ ГО ШТИТЕЛЕ ОВОЈ ЕДНОСТАВЕН ПРИНЦИП ОД НАПАДИТЕ КОИШТО САКАЛЕ ДА СОЗДАДАТ ПОВЕЌЕ ОДВОЕНИ ЦРКОВНИ АДМИНИСТРАЦИИ ВО ИСТО МЕСТО ИЛИ ЗЕМЈА И ИСТО ТАКА ОД НАМЕРИТЕ НА НЕКОИ ГОЛЕМИ И ВАЖНИ ЦРКВИ (РИМ, АЛЕКСАНДРИЈА, АНТИОХИЈА) ДА ГИ ЛИШАТ ЛОКАЛНИТЕ ЕПИСКОПИ ОД НИВНИТЕ ПРАВА И ДА ЈА ПОТВРДАТ СВОЈАТА СОПСТВЕНА МОЌ ВРЗ ПРАВАТА НА ПОМЕСНИТЕ СИНОДИ.




Прв Вселенски Собор

Јован Манедорф, Еден епископ во еден град



## ПРИРОДАТА НА ЦРКВАТА

Целта на воплотувањето на Синот Божји и причината за Неговото учителство, смртта и воскресението беше да воспостави нов однос меѓу Бога и човекот, нова заедница *и славата што Ми ја даде Јас им ја дадов ним, да бидат едно како што сме Ние. Јас сум во нив и тие се во Мене, за да бидат во сè едно, и да познае светот дека Ти си Ме пратил и дека ги љубиш нив како Мене што Ме љубиш* (Јован 17, 22 - 23). Заедницата со Бога подразбира зедница меѓу луѓето.

Оваа заедница не е само духовна и невидлива стварност, туку таа се покажува во видливиот и конкретен живот на Црквата. Без Христовата заедница христијаните не можат во целост да го исполнат својот призив, бидејќи светот во нив не може да го види новиот живот што им е даден во Христа. ... Раните христијани сметаат дека секое црковно собирање во името на Христа, во заедница и љубов, е сведоштво на Христовата победа над човечкиот егоизам, себичност, и грев. Епископот Антиохиски од првиот век, Свети Игнатиј, им пишува на ефесјаните: „Трудете се почесто да се собирате на Евхаристија (=Литургија) Божја и на слава. Оти, кога често се собирате на исто место, силите на Сатаната со тоа се уништуваат и неговата погубност се разорува од еднодушноста на вашата вера“.

Со ова многу впечатливо се укажува на вистинската Тајна на христијанската Црква. Со силата на Светиот Дух, расеаните и поделени човечки битија се во можност да станат, кога ќе се соберат, моќна и победоносна преобразувачка стварност. Ова вистинско присуство Божјо во Соборот на Црквата прави различните христијански служби да бидат вистинска Христова Тајна, и тоа пред сè службата на Епископот. „Сите да го следите епископот, како Исус Христос Отецот, и како свештенството апостолите... Нека се смета за сигурна онаа Евхаристија којашто ја врши Епископот, или дозволил да се врши. Таму каде што ќе се појави епископот, таму нека биде и мноштвото народ“, им вели Свети Игнатиј на Смирјаните.

Нема Црква без Епископ, но и обратно, нема Епископ надвор од Црквата, бидејќи на главата ѝ треба телото за да ја врши својата функција. ... Евхаристијата е тајната на нашата заедница со Бога и нашата меѓусебна заедница во Христа. Епископот стои во центарот на оваа тајна. Неговите светотаински функции во евхаристиската литургија се изразени и преку пастирската одговорност, и го обврзуваат во практичниот живот на Црквата да ја осигура, светотаински даруваната заедница во Евхаристијата. Затоа неговата служба е служба на помирување и заедница.

Сите овие аспекти на православната еклисиологија го сочинуваат темелот на нашето канонско законодавство во однос на црковното уредување.

Недопустливо е да постојат две заедници и двајца Епископи во едно место, просто затоа што Христос е еден, и само една личност може да го пополнува Неговото место. Ова гледиште е од особена важност во нашиот дијалог со римокатолиците денес. Во римокатолицизмот може да има помалку теолошки и практични причини за поддршка на неколку црковни уредувања во едно место, раздвоени со обичаите, јазикот и националноста и затоа што критериумот за таквата заедница и центарот на црковниот живот ќе биде секогаш во Рим, значи надвор од односните граници. Од друга страна православната еклисиологија во својата потврда на соборната полнота на секоја помесна Црква, е спремна да ја признае соборната заедница каде било на локално ниво. Присуството Христово во Црквата е овозможено преку самото „собирање во Негово име“, во согласност со вистинското Предание, а не преку каква било верност на некој универзален центар.

Што се случува тогаш кога православните христијани, живеејќи рамо до рамо во ист град, сметаат за нормално да воспостават неколку „цркви“ - Руска, Грчка, Српска, Сириска - коишто формално ја одржуваат заедницата во вера и дух, но не и во праксата? Нема сомнение дека ваквата ситуација е најголем удар на нашето сведоштво во современиот свет и ѝ се противи на вистинската природа на Црквата Христова.



ЈОВАН МАНЕДОРФ: ЕДЕН ЕПИСКОП ВО ЕДЕН ГРАД

# ЗАКЛУЧОК

Преданието на Црквата е многу јасно за ова прашање, како на канонско така и на доктринарно ниво, а единственото прашање што може да се појави е која е таа стриктно територијална заедница, на принципот 'еден пра-вославен Епископ - една Православна Црква' за сите националности и групи, практична и применлива денес. На ова прашање ќе одговорам на два начина.

## 1.

Преку историски доказ. Сè до раните дваесетти години на овој век, кога единствената Православна Црква на Америка (под Руска јурисдикција) почна да се разделува во цело созвездие од паралелни национални јурисдикции, беше невозможно во севкупната историја на Црквата да се најде барем еден пример на занемарување на територијалниот принцип на Црквата. Тогаш, дали ние имаме право нашата сегашна ситуација да ја третираме како нормална?

## 2.

Православното канонско право го признава она што го нарекуваме принцип на 'икономија'. Најкомпетентните канонисти на нашето време се едногласни во дефинирањето на овој принцип како свесно попуштање и ублажување на канонитe од страна на црковните власти, во оние случаи кога тесниот законодавен принцип би донел повеќе штета отколку корист на целото тело на Црквата. Затоа, да работиме полека и внимателно „за доброто на Црквата". Во релативно долг временски период мораме да посветиме особено внимание на постоењето на различни национални групи во Америка коишто го чуваат својот национален идентитет. Ова може лесно да биде зачувано во внатрешноста на единствената Црква. Националните организации и општества ќе се задржат и во наредните неколку генерации, и ќе биде подеднакво неизбежно парохиите, црковните одбори и дури и епархиите да го задржат својот национален карактер за уште некое време. Како и да е, единствената црковна организација мора да се обедини и да го усогласи црковниот живот во Америка. Разликите во конкретните потреби можат да бидат покриени со принципот на „црковната икономија", но поделбите не можат да ста-нат постојано правило, и истовремено не треба да се заборави дека „доброто на Црквата", коешто може да ја оправда привремената поделба, исто така бара заедница. Последниот и најголем предизвик за нас почнува кога ова „добро на Црквата" ќе се стави наспроти интересите на нашите национални групи. Нема сомневање дека во ваков случај кој било православен христијанин, епископ, свештеник или лаик, е должен да ја стави волјата Божја над „човечките преданија" коишто се од Бога забранети, ако се судираат со законот на благодатта.

Со мудрост и внимание, да појдеме во насока на обнова на канонските норми во Америка.

**НИЕДЕН ЕПИСКОП, ПАТРИЈАРХ ИЛИ ПАПА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВИ СЕБЕСИ НАД СОБОРОТ НА ЕПИСКОПИТЕ НА ОДРЕДЕНАТА ОБЛАСТ, ОСВЕН ДОКОЛКУ НЕ ЗАМИСЛИМЕ ДЕКА БОГ МОЖЕ ДА ВДАХНОВИ СО ПРАВДА САМО ЕДНА ЛИЧНОСТ, А ДА ОДБИЕ ДА ЈА ДАРУВА НА ПОЛНОТАТА НА ЕПИСКОПСКОТО СОБРАНИЕ.**

